**Проект за меѓуетничка интеграција во образованието**

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието

## Септември 2013

---

## I. СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ

### Компонента 1 - Информирање на јавноста и на заедниците

- **Обуки за продукција на мултимедијални интернет содржини во контекст на меѓуетничката интеграција во образованието.** Во текот на септември се одржаа три обуки за наставници и ученици од сите средни училишта од регионот на Скопје, Штип и Велес. Активностите се наменети да им се помогне на наставниците и на учениците да ги развијат вештините за подготовка на мултимедијални интернет содржини за нивните училишта. Овие активности се под водство и менторство на уредници и новинари кои се вклучени и се дел од Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието.
- **Промотивен настан во општина Куманово на краток филм од креативните работилници.** Во Куманово учениците од средното училиште Перо Наков го промовираа краткиот филм пред локалната заедница, кој е резултат од неколку месечниот креативен процес кој беше спроведен во ова училиште со наставниците и учениците. Од промоцијата се подготви видео прилог кој ќе биде објавен по различни медиуми и споделен и со соработниците и партнерите како добра практика.
- **Форум Театар Работилници.** Во септември се организираа две Форум Театар работилници за учениците од средните училишта од Куманово и Штип, користејќи ги техниките на познатиот бразилски режисер Аугусто Боал како алатки за дискусија и разрешување на дадена ситуација која ја рефлектира сегашната ситуација на училишните заедници и образовниот систем.
- **Свечен настан на сечење на лента во ОУ Димитар Миладинов.** По повод завршување на процесот на реновирање, општина Центар и ОУ Димитар Миладинов беа домаќини на свечен настан на кој присуствуваа Генерал-Мајор-Командант на Националната гарда на Вермонт, Стивен Креј, амбасадорот на САД во Р.Македонија - Пол Д. Волерс, Директорот на УСАИД/Македонија - Џејмс Стејн, министерот за образование и наука - Спиро Ристовски, градоначалникот на Општина Центар - Андреј Жерновски, директорот на училиштето, наставниците, родителите, учениците и други гости.
- **Координативни состаноци со училиштата за формирање на дебатни клубови** беа организирани со цел училиштата да се информираат и подготват за спроведување на активности во рамките на дебатните клубови. Првите состаноци во текот на овој месец беа одржани во Велес и Кратово.
- **Првиот број од билтенот на ПМИО** кој ги рефлектира добрите практики и успешните приказни од активностите во првите шест месеци од 2013 година беше споделен со сите образовни институции, училишта, општини, меѓународни и донаторски организации. Билтенот може да го погледнете на следниов линк: http://pmio.mk/category/newsletter/

- **Редовно информирање на институциите, општините и училиштата за активностите** во текот на месец септември опфатија редовно ажурирање на информациите и објавување на новости и приказни за текот на активностите преку веб-страна на проектот: www.pmio.mk.

**Компонента 2 – Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците**

- **Обуки на тимови за училишна интеграција од втората фаза.** Во септември беа организирани последните дводневни обуки со тимовите за училишна интеграција од училиштата во регионот Струга и Кичево (39 училишта). Исто така се одржаа еднодневни обуки за 112 основни и средни училишта на кои учесниците добија насоки за планирање на активностите за меѓуетничка интеграција во годишната програма и дисеминација на обуки на училишно ниво.
- **Менторски средби со тимови за училишна интеграција.** Направена е подготовка на мастер обучувачите за спроведување на заеднички менторски средби со 194 училишта од втората фаза поделени во 34 групи. Целта на менторските средби е стручна поддршка на тимовите за подготовка на дисеминација на обуките на училишно ниво.
- **Изготвен и финализиран прашалник за пилот училиштата** за подготвеноста на родителите за вклучување во МИО активности. Прашалникот е испратен до сите 58 училишта.
- **Одржана еднодневна обука** за претставници од општините кои се вклучени во ПМИО во Фаза 2.
- **Одржани 3 настани за заеднички спортски и забавни активности** со учество на ученици од основните училишта: Наим Фрашери од Тетово; Адем Јашари од Чаир и Елпида Караманди од Битола (етнички мешани групи ученици од 4 основни училишта).

**Компонента 3 – Модел училишта**

- **Обука за наставници од модел училиштата за реализирање на заеднички ученички активности преку редовната настава.** Во текот на месецот беа одржани две обуки - една со партнер модел училиштата и една со основните трријазични модел училишта со наставници од четвртите одделенија. Заедно со членовите на тимовите за училишна интеграција (ТУИ) од училиштата како и советниците од Бирото за развој на образованието се креираше акционен план за реализирање настава во природа со ученици од различните наставни јазици.
- **Обука за наставници за соработка преку стручните активи.** Три обуки беа одржани со наставници што предаваат странски јазици и мајчин јазик од средните модел училишта, со наставници од основните трријазични модел училишта и со наставници од партнер модел училиштата. Обуката се состоеше во разгледување на различни стратегии како да се засили соработката на наставниците од различните наставни јазици преку стручните активи.
- **Работна средба со советници од БРО.** Во изминатиов период се организираше средба со советници од БРО кои се избрани да ги следат и да пружат поддршка на активностите во модел училиштата. Советниците беа детално запознаени со проектните активности, нивната улога и задолженија во рамките на проектот.
- **Обука за наставниците по литература за размена на наставни материјали.** Дводневна обука со две групи беше одржана со наставници по литература и мајчин

јазик од сите модел училишта за разгледување на наставните материјали и можноста за нивно користење во насока на претставување на мултикултурната реалност на земјата.

**Компонента 4 - Стимул за училиштата**

- **Ревизија на основен проект**. Направена е стручна ревизија на основниот проект за „Доградба на главен влез во ОУ Никола Карев“ во Кочани, општина Кочани.
- **Технички прием**. Комплетирани се активностите за реновирања во три училишта, организирани се состаноци со изведувачите, надзорите, претставници од училиштата и општините и направени се технички приеми на сите три објекти. Заклучно со овој месец завршени се реновирањата на десет училишта во текот на 2013 година.
- **Опрема за одржување на училишни објекти**. Во три реновирани училишта испорачана е опрема за одржување на училишните објекти и прирачник за нивна употреба. Вкупно во десетте реновирани училишта е испорачана опремата за одржување на училиштата.
- **Менторски средби**. По завршувањето на модул 1 од обуката за одржување на училишните објекти, во шест училишта се организирани менторски средби со цел да се следи работата на училиштата во однос на изработка на годишни планови и буџети за одржување.

## II. ПРЕТСТОЈНИ АКТИВНОСТИ ЗА СЛЕДНИОТ МЕСЕЦ

### Компонента 1- Информирање на јавноста и заедниците

- Организирање на промотивен настан за финален продукт од страна на учениците од училиштата Мирко Милески и Дрита во Кичево по повод завршување на креативните работилници.
- Спроведување на Форум Театар Работилница за учениците од средните училишта во општина Кичево.
- Спроведување на четири обуки за продукција на мултимедијални интернет содржини во контекст на меѓуетничката интеграција во образованието во регионите на Куманово, Струга, Тетово и Кичево.
- Два свечени настани на сечење на лента по повод завршување на процесите на реновирање во училиштата Христијан Тодоровски Карпош во општина Старо Нагоричане и Ванчо Прке, општина Виница.
- Започнување на процесот на формирање на нови дебатни клубови и нивна обука во 8 училишта во општините Велес, Куманово, Струга, Штип, Кичево, Кратово, Центар и Гази Баба.
- Редовно ажурирање на информациите и објавување на новости и приказни за текот на активностите преку веб-страна на проектот: www.pmio.mk.

### Компонента 2 – Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците

- Спроведување на менторски средби со тимови за училишна интеграција од училиштата од втората фаза.
- Организирање еднодневни обуки за тимовите за училишна интеграција од пилот училиштата.
- Организирање еднодневни обуки за претставниците на стручните служби од училиштата во фаза 2.
- Организирање еднодневни обуки за претставниците на училишните одбори од училиштата во фаза 2.
- Организирање втора работилница со претстваниците од наставничките факултети.
- Завршен настан за заеднички спортски и забавни активности на 360 ученици.

### Компонента 3 – Модел училишта

- Обука за Демократска партиципација со повеќе јазичните модел училишта.
- Обука за мониторинг на активности за претставници од партнер организациите.
- Обука за наставници за реализирање на мултикултурни работилници.
- Реализирање средби за поддршка во сите модел училишта.
- Следење на тековните активности во модел училиштата.

### Компонента 4 - Стимул за училиштата

- Спроведување на процедури за реновирање на ОУ Никола Карев од општина Кочани.
- Организирање на менторски средби во 5 училишта.
- Организирање на месечни состаноци за следење на работата за одржување во пилот училиштата.